Врз основа на член 23-а став 3 од Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица ("Службен весник на Република Македонија", бр.84/05,13/07 и 150/07), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ПОСЕБНИТЕ ПОДАТОЦИ ПОТРЕБНИ ЗА СИСТЕМОТ НА ДРЖАВНАТА ЕВИДЕНЦИЈА И ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ДРЖАВНАТА ЕВИДЕНЦИЈА

**(Службен весник на РМ бр. 2/08 и 74/08)**

## Член 1

Со овој правилник се пропишуваат посебните податоци потребни за системот на државната евиденција и формата и содржината на образецот за државната евиденција по одделни субјекти.

## Член 2

Посебните податоци за системот за државна евиденција се обезбедуваат на образецот „ДЕ" - Посебни податоци на државна евиденција, по одделни субјекти, кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Посебните податоци на образецот „ДЕ", се дадени со ознаките на сметките во колона 2 од образецот, согласно со Правилникот за сметковниот план и содржината на одделните сметки во сметковниот план ("Службен весник на Република Македонија" бр.113/06), Уредба за сметковниот план за банките, штедилниците и други финансиски организации ("Службен весник на Република Македонија" бр.43/95, 46/99, 73/02 и 79/03), Уредба за контниот план и за билансите за друштвата за осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 43/95 и 46/99), Правилникот за сметковниот план за непрофитни организации ("Службен весник на Република Македонија" бр.117/05 и 11/06) и Правилникот за сметковниот план за буџетите и буџетските корисници ("Службен весник на Република Македонија" бр.79/03 и 96/04).

## Член 4

Образецот од член 2 на овој правилник се доставува со годишната сметка до Централниот регистар на Република Македонија, во еден примерок.

## Член 5

Образецот од член 2 на овој правилник е стандардизиран и истиот ќе се приспособи за автоматска обработка во Централниот регистар на Република Македонија.

**Член 6**

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за определување на посебните податоци потребни за системот на државната евиденција и за пропишување на формата и содржината на образецот за системот на државната евиденција ("Службен весник на Република Македонија" бр.4/97, 6/00 и 9/01).

**Член 7**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува и на изготвувањето на годишната сметка за 2007 година.

Бр. 12-22992/1
6 јуни 2008 година
Скопје

**Министер за финансии,**
д-р Трајко Славескис.р